A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)

(/default)

МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 17.07.2019

На 16.07.2019 во 07.44 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на местото викано ,,Чуле" на Селечка планина, атар на село Селце, прилепско, 15-годишно девојче од Прилеп паднало во провалија и се здобило со повреди. Полициски службеници веднаш излегле на местото и бидејќи теренот бил непристапен била повикана алпинистичка екипа од Единицата за специјални задачи при МВР и хеликоптер на МВР, кои во најкратко можно време пристигнала на местото и го извлекле девојчето, кое било префрлено во болницата во Прилеп. Во разговор со полициските службеници девојчето изјавило дека при пешачење се лизнало и паднало во провалија. За настанот е известен и Јавен обвинител.

На 16.07.2019 во 16.30 часот полициски службеници извршиле претрес во домот на А.М. (25) во Тетово. При претресот била пронајдена и одземена марихуана од неговиот татко А.М.(57), кој бил лишен од слобода и приведен. По целосно расчистување на случајот

против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.07.2019 во 17.30 часот полициски службеници извршиле претрес во дом и други простории кои ги користи Е.Р.(31) на ул.„Маршал Тито" во Струга. При претресот била пронајден и одземен хероин. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.07.2019 во 21.20 часот на регионалниот пат Струга-с.Радожда, полициски службеници запреле патничк возило „Фиат" со струшки регистарски ознаки, управувано од Д.Б.(21) од с.Велешта, струшко, во кое како сопатник бил А.О.(19) од с.Биџево, струшко. При преглед на А.О., во неговиот ранец, биле пронајдени и одземени кеси со марихуана и кеса со прашкаста материја. А.О. е приведен и по документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.07.2019 во 15.10 часот на граничен премин „Табановце", при контрола на патничко возило „AUDI Q7" со српска национална ознака, управувано од М.Б.(30) од Република Србија, било утврдено дека серискиот(VIN) број на возилото бил фалсификуван. Возило било одземено, а М.Б. бил приведен и предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 16.07.2019 околу 23.45 часот на ул.„Алија Авдовиќ" во с.Стајковци, скопско, Т.М.(33) од с.Стајковци, управувајќи мопед „Баотиан" со скопски регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал на коловозот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил Т.М. и бил пренесен во комплексот клиники „Мајка Тереза" Скопје. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

Во текот на изминатиот ден (16.07.2019) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека 33 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај исклучени се 26 возачи од кои: пет возачи управувале возило под дејство на алкохол, 20 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и еден возач почетник затоа што не ги почитувал законските ограничувања. Исто така, исклучени од сообраќај се и 16 возила затоа што 12 не биле регистрирани, три биле технички неисправни и едно поради претовар. Санкционирани се седум возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, еден возач поради недавање првенство на минување на пешаци, еден возач поради неправилно престигнување, пет возачи на мотоцикли затоа што не носеле заштитен шлем-кацига, 11 возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 14 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани се шест пешаци кои поминале коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатиот ден издадени се 27 мандатни платни налози и 58 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 16.07.2019 околу 14.15 часот во тетовското село Камењане, врз основа на судска наредба, полициски службеници на Секторот за внатрешни работи Тетово го привеле 21-годишниот С.Ш од село Камењане, осуден на тригодишна затворска казна за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". С.Ш. бил спроведен во Казнено –поправната установа „Тетово" за издржување на затворската казна.

На 16.07.2019 полициски службеници го лишиле од слобода и привеле во Полициската станица Гостивар лицето Б.Б.(53) од село Градец, гостиварско, поради тоа што истиот ден околу 14.15 часот го нарушил јавниот ред и мир со пукање од огнено оружје на свадбена свеченост во тетовското село Камењане.

На 16.07.2019 околу 21.20 часот на улица „Борис Кидрич" во Тетово, полициски службеници запреле патничко возило „Ауди А5" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Д.М.(39) од Тетово, во кое се наоѓале и 18-годишниот С.Д. и 16-годишно лице, исто така, од Тетово. При преглед на возилото биле пронајдени и одземени марихуана, дробилка и ризла.Тројцата биле лишени од слобода и по целосно расчистување на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 17.07.2019 во периодот од 02.00 до 08.00 часот на подрачјето на с.Франгово, с. Мали Влај и с. Вишни, струшко, Регионалниот центар за гранични работи Запад спроведе акциска контрола за откривање на сторители при нелегална сеча на огревно дрво. Притоа, полициски службеници откриле и фатиле девет државјани на Република Албанија, од кои дел оствариле илегален влез, а дел легално влегле, но престојувале во Р.С.Македонија спротивно на целта на туристичкиот престој. Од лицата биле одземени моторни пили. По документирање на настанот против лицата ќе бидат преземени соодветни мерки.

На 16.07.2019 во периодот од 08.00 до 13.00 часот СВР Штип спроведе засилена акциска контрола на возила со кои се врши јавен превоз на патници. Притоа, контролирани се 93 автобуси и други возила кои вршат јавен превоз, од кои 74 се упатени во станица за технички преглед. При контролите констатирани се девет неправилности, односно кај две е утврдена неисправност на уред за запирање, кај едно неисправен уред за управување, четири имале неисправни светлосни уреди и две непродолжена регистрација.. Санкционирани се и 18 останати прекршоци.

На 16.07.2019 полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Велес извршиле контрола на техничката исправност на 43 автобуси и возила кои вршат јавен превоз на патници. Притоа, во Велес била утврдена неисправност на три возила од контролираните 21, во Кавадарци од контролираните 10 возила сите биле исправни и во Неготино контролирани биле 12 возила и сите биле исправни. На возачите на неисправните возила им се изречени соодветни казни.

На 16.07.2019 во периодот од 08.00 до 13.00 часот на подрачјето на СВР Струмица е спроведена акциска контрола на возила кои вршат јавен превоз на патници. Во акцијата се контролирани 84 возила, од кои 45 се упатени на вонреден технички преглед, при што кај шест од нив се констатирани неправилности, поради кои возилата се исклучени од сообраќај и се издадени шест прекршочни платни налози.

Полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Битола на 16 јули извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, било констатирано дека девет возачи управувале возило без возачка дозвола, нерегистрирани биле 11 возила, брзината ја надминале пет возачи, а тројца зборувале на мобилен телефон.

На 16.07.2019 околу 14.00 часот на улица „Браќа Миладинови" во Тетово, К.О.(22) од Тетово, управувајќи патничко возило „Форд" со тетовски регистарски ознаки, удрило во велосипедистот Д.Р.(18) и пешакот М.И.(18), двајцата од Тетово. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобиле велосипедистот и пешакот и биле пренесени во тетовската клиничка болница за укажување на лекарска помош. Увид извршила екипа од СВР Тетово.

На 15.07.2019 околу 17.00 часот на локалниот пат во гостиварското село Градец, С.Б.(50) од село Градец, управувајќи патничко возило „Мерцедес" со германски регистарски ознаки, удрило во 48-годишниот И.С. од истото село. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил И.С. и бил пренесен во тетовската клиничка болница. Увид извршила екипа од СВР Тетово.

На 16.07.2019 во 17.55 часот во Полициската станица Пробиштип, од Итна медицинска помош Пробиштип било пријавено дека кај нив на лекарски преглед се јавил Б.А.(61) од с.Трипатанци, кој при работа во рудник се здобил со повреда во пределот на градниот кош. Се работи на расчистување на случајот.

На 17.07.2019 во 01.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека во сендвичара во центарот на градот едно лице извршило разбојништво и одзел пари и веднаш се преземени соодветни мерки, по што е приведен А.А.С.(36), при што кај него бил пронајден и одземен пиштол. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи НК за КР Прилеп поднесе кривична пријава против М. С. (21) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,спречување на службено лице во вршење на службено дејствие". На

07.07.2019 година во Прилеп, на улица „Гоце Делчев", во ноќен клуб пријавениот ги спречувачл полициските службеници додека преземале службени дејствија за приведување на лице кое се бара по потерница, по што истиот бил приведен во ПС.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против Н.С.(50) од село Мал Папрадник, општина Центар Жупа, вработен во Јавното претпријатие „Национални шуми"-Скопје, Подружница на шумско стопанство Стогово, Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,несовесно работење во службата". На 03.02.2019 во село Долно Косоврасти, при контрола на товарно возило натоварено со огревни букови дрва, управувано од Н.Н. од Дебар, било констатирано дека Н.Н. не поседувал соодветни документи, по што на местото на настанот пристигнал пријавениот, кој доставил испратница за дрвата. Со наведените дејствија, пријавениот постапил спротивно на законските прописи и со пропуштање на дејствијата за вршење на должен надзор, нанел штета на Јавното претпријатие „Национални шуми",Скопје, односно Буџетот на Северна Македонија.

МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)